# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>25.03.2019 год.<br>БРОЈ 4 ГОДИНА 54 |
|---|---|



**С О Д Р Ж И Н А**



| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Јавна објава | **2** |
| **2.** | Јавна објава | **3** |
| **3.** | Јавна објава | **3** |
| **4.** | Јавен повик | **4** |

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на општина Охрид согласно член 84 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија „ бр.38/05, 110/08, 118/08 и 51/2011) ја дава следната:

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Согласно Анекс бр.1 склучен на 08.11.2013 година помеѓу општина Охрид и Дивелоп Груп Доо со седиште Скопје Плоштад Македонија бр.7 1000 Скопје – Центар кон Договор за оттуѓување на градежно земјиште со електронско јавно наддавање бр.22-УП-637/1-2011 од 30.03.2011 год.Дивелоп ГРУП ДОО Скопје е должен да плаќа договорна казна најдоцна до 5-ти во месецот за изминатиот месец во тековната година започнувајќи од 01.05.2018 година.

Од увидот во сметководствената евденција на општината заклучно со 11.03.2019 година , Дивелоп Груп Доо Скопје сеуште нема извршено уплата за месец 01, 02 и 03.2019 на име договорна казна.

Со оваа јавна објава, Ве известуваме да пристапите кон уплата на договорната казна за месец 01, 02 и 03.2019 согласно потпишаниот Анекс бр.1 од 08.03.2013 година и за истото да доставите Доказ до Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

Доколку не постапите по предметното Известување, за што воедно сте обврзни согласно Анекс бр.1 склучен на 08.11.2013 година кон Договор за оттуѓување на градежно земјиште со електронско јавно наддавање бр.22-УП-637/1-2011 од 30.03.2011 год., во тој случај ќе се постапи согласно последниот став од член 1 од предметниот Анекс:

„ Ако купувачот не ги исполнува условите утврдени во овој Анекс Договор и доцни со плаќање на три последователни месечни договорни казни ќе се смета дека се откажал од Договорот, истиот ќе биде раскинат, банкарската гаранција ќе биде активирана, а уплатените средства за градежното земјиште нема да бидат вратени’’

Доколку не постапите и по оваа јавна објава и не ја исплатите договорната казна, ќе сметаме дека е извршена уредна достава на известувањето и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Илија Камнароски,ул. Питу Гули 264, Охрид,му се одобрува надградба на к1 и реконструкција на Пр+к1 на објект со намена А1 –домување во станбени куќи со катност Пр+к1на Кп.бр.10584 КО Охрид 2.

Лилјана Целеска ул.4 јули бр.45 Скопје сопственик на Кп.бр.10583/1 КО Охрид 2,Надежда Киселиновска ул.Јане Сандански бр.147 Охрид сопственик на Кп.бр.10603 КО Охрид 2 , Мартиноски Ламбе ул.П.Планина бр.9 Охрид, Томаноски Филип ул.Питу Гули бр.262 Охрид, Томаноска Павлина ул.Питу Гули бр.91 Охрид сопственици на Кп.бр.10585 КО Охрид 2 и Пулческа Павлина с.Љубаништа сопственик на Кп.бр.10581 КО Охрид 2 преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорот Гиноски Димитрија,ул. АРМ 6 , Охрид,му се одобрува изградба на доградба со реконструкција и адаптација на објект-инд.семејна куќа А1 од Втора категорија, со катност По+Сут +Пр на Кп.бр.1549 и Кп.бр.1558/2 КО Рамне согласно извод бр.20-2722/2 од 02.03.2017 год. за ДУП за станбена наслеба Бејбунар 1 –Охрид измени и дополнувања донесен со одлука бр.06-7495 од 29.09.1992 год.

Климе Андриески ул.Ванчо Николески бр.1-1 Охрид Насте Андриески ул.Момчило Јорданоски бр.150 Охрид сопственици на Кп.бр.1546 Кп.бр.1544/1 КО Рамне и Митрески Тоде ул.АЕМ бр.8 Охрид сопственик на Кп.бр.1550/1 КО Рамне , преку информации добиени од АКН Охрид се известуваат за донесеното одобрение и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р.**

**Бр. 09-4224/1**
**Охрид, 18.03.2019г.**

**Општина Охрид**
Република Македонија

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) општина Охрид распишува:

# Ј А В Е Н П О В И К
## за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови

Јавниот повик за доставување на иницијативи за изработка на урбанистички планови согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), се распишува во прввиот квартал на 2019 год.

Јавниот повик ќе трае од 26.03.2019 год. до 26.04.2019 год. односно 32 (триесет и два) ден.

Секое заинтересирано правно и физичко лице во тек на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистички планови од членот 7 став (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 од овој закон и тоа: детален урбанистички план (ДУП), урбанистички план за село (УП за село) и урбанистички план вон населено место (УПВНМ).

Предмет на иницијативата може да биде донесување на нов или изменување и дополнување на постоечки: ДУП, УП за село и УПВНМ. Иницијативите можат да бидат доставени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма преку архивата на општина Охрид во определениот рок.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам. Иницијативите кои ќе бидат доставени по истекување на рокот за достава, ќе се разгледуваат по распишување на следниот Јавен повик.

Подносителите на прифатените иницијативи, правни или физички лица, во целост ќе ги сносат сите трошоци за изготвување на урбанистичките планови.

Јавниот повик ќе биде објавен во Службен Гласник на општина Охрид, на веб страната на општина Охрид – www.ohrid.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и во дневен весник "Нова Македонија".

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**